Сиг. 0301-43

6+

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Инв. Бр. 1/6

# УРБАНА КУЛТУРА

## (ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ )

Скопје, 2004 година

# 1. НАЗИВ НА ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ: УРБАНА КУЛТУРА

## 2. ПОТРЕБА

Проектните активности генерално претставуваат едукација и оспособување на младиот човек за истражување и идентификација на вредностите на човековото живеење, презентирани по пат на културата и организацијата на човековата заедница воопшто.

Преку активностите по урбаната култура младиот човек ги запознава човековите вредностите, се учи да ги идентификува, да ги почитува и да ги развива, со што се оспособува за сомоидентификација и осмислување на сопствената егзистенција и за културно и доблестно живеење во заедницата.

Проектните активности се изборни и се застапени во сите четири години од гимназиското образование. Содржините по урбана култура се поврзани во сите четири години. Но, секој ученик, според сопствен избор, може да се вклучи во било која година во практикувањето на овие активности.

Активностите треба да бидат поучни, воспитни и забавни и да се насочени кон подготовка на младите за живот во демократско општество.

## 3. ЦЕЛИ НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

### 3.1. ОПШТИ ЦЕЛИ

- Упатување на младите луѓе кон истражување и идентификација на вредностите на човековото живеење, изразени и презентирани преку култура и организација на човековата заедница
- Оспособување на учениците за согледување на континуитетот во развојот на градовите и на урбаната култура воопшто.
- Запознавање на учениците со основни етички и естетски вредности.
- Запознавање на учениците со културното богатство на нивниот град.
- Запознавање на учениците со организирањето и функционирањето на демократското општество.
- Посочување на претпоставките за живот во граѓанско и демократско општество во Република Македонија.
- Развивање на граѓанска самосвест и толеранција кај младите.
- Развивање на слободна мисла и култура за дијалог кај младите.
- Развивање свест за перспективата на градот и урбано културно живеење во услови да граѓанска демократија.

- Презентирање на општите цивилизациски вредности вкоренети низ историјата.
- Развивање на предлози и решенија за унапредување на сопствената урбана средина.
- Изнаоѓање модуси за атрактивна и ефикасна настава.

## 3.2. ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

- Развивање отворена, демократска граѓанска свест.
- Развивање интерес кај ученикот за подвижното и за неподвижното културно богатство.
- Оспособување на ученикот за издржан и толерантен дијалог.
- Оспособување на ученикот за убаво и точно усно и писмено изразување.
- Оспособување на ученикот за јавно настапување.
- Оспособување на ученикот за интелектуална комуникација.
- Оспособување на ученикот за соработка со соучениците од групата.
- Развивање амбиции за постигнување повисоки академски цели и стандарди.
- Развивање чувство за одговорност, самодоверба и духовна стабилност.
- Развивање толеранција за идеите и животните ставови на другите.
- Развивање на смисла за набљудување, унапредување и облагородување на урбаниот амбиент во кој живее ученикот.

# 4. ОБЛАСТИ И ТЕМИ

## I. КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА

### КУЛТУРА ВО АНТИКА

- **Значењето на културата и цивилизацијата**
- **Што е Антика**
- **Раѓање на античките култури на европска почва**
- **Корените на европската култура**
- **Влијанието на античката култура врз современите културни движења**

### КУЛТУРА ВО СРЕДНИОТ ВЕК И ВО РЕНЕСАНСАТА

- Основните карактеристики на културата во Средниот век
- Значењето и влијанието на Ренесансата
- Карактеристиките на културата во периодот на Средниот век на територијата на Република Македонија

- Влијанието на средновековната култура врз современите културни движења
- Влијанието на Ренесансата врз оформувањето на современите културни вредности

## КУЛТУРА ВО НОВИОТ ВЕК

- Основните карактеристики на културата во Новиот век
- Раѓањето на нововековната демократија
- Основните карактеристики на граѓанското општество
- Карактеристиките на културата на Новиот век на територијата на Република Македонија
- Влијанието на нововековита демократија врз развитокот на културните вредности на граѓанското општество

## КУЛТУРА ВО СОВРЕМЕНИОТ ПЕРИОД

- Основните карактеристики на современата култура
- Развитокот на современата демократија
- Основните карактеристики на современото граѓанското општество
- Карактеристиките на современата културата во Република Македонија
- Влијанието на современата демократија врз развитокот на културните вредности во граѓанското општество

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ОБЛАСТА

Истражување на значењето и историчноста на поимите: култура и цивилизација.

Истражување на улогата на културниот и цивилизацискиот напредок на човештвото низ вековите.

Истражување на потребата од постојаното негување и унапредување на цивилизациските придобивки.

Запознавање со корените на европската култура.

Истражување на влијанието на античката, средновековната и нововековната култура врз развитокот и основните карактеристики на современата европска култура.

Истражување на основните карактеристики на културата во Средниот век.

Истражување на значењето на културната преродба во времето на Ренесансата.

Истражување на основните културни движења во Средниот век на територијата на Република Македонија.

Истражување на влијанијата на средновековните културни движења врз развитокот на европската култура.

Истражување на влијанието на ренесансната култура врз развитокот на европската култура.

Истражување на основните карактеристики на културата во Новиот век.

Истражување на значењето на создавањето на демократските општества во времето на Новиот век како фундамент и основната карактеристика на нововековните оштествени движења.

Истражување на основните културни движења во Новиот век на територијата на Република Македонија.

Истражување на влијанијнието на воспоставувањето на демократското општество од Новиот век врз развитокот на европската култура.

Истражување на основните карактеристики на современата култура.

Истражување на значењето на развитокот на современата демократија.

Истражување на основните карактеристики на современото граѓанско општество.

Истражување на карактеристиките на современата културата во Република Македонија

## II. ГРАДОТ И ГРАЃАНИНОТ

### ГРАДОВИТЕ И ДРЖАВИТЕ ВО АНТИКАТА

- **Настанокот на античките градови и држави**
- **Најпознати градови во античкиот период**
- **Организацијата на античките градови**
- **Античките градови на територијата на Република Македонија**
- **Настанокот и развитокот на демократијата во Антиката**

### II. ГРАДОВИТЕ ВО СРЕДНИОТ ВЕК И ВО РЕНЕСАНСАТА

- Основните карактеристикки на средновековните градови
- Развитокот на градовите во периодот на Ренесансата
- Најпознати градови во периодот на Средниот век и Ренесансата

- Нови урбанистички концепции во периодот на Ренесансата
- Карактеристики на средновековните градови на територијата на Република Македонија

ГРАДОВИТЕ ВО НОВИОТ ВЕК

- Основните карактеристикки на нововековните градови
- Развитокот на градовите во периодот на Новиот век
- Најпознати градови во периодот на Новиот век
- Нови урбанистички концепции во Новиот век
- Развиток на градовите на територијата на Република Македонија во Новиот век

ГРАДОВИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ ПЕРИОД

- Основните карактеристики на современите градови
- Развитокот на современите градови
- Најпознати современи градови
- Современи урбанистички концепции
- Современиот развиток на градовите во Република Македонија

КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ОБЛАСТА

Истражување на настанокот и развитокот на античките, средновековните, ренесансните нововековните и современи градови.

Истражување на организацијата и функционирањето на средновековните и ренесансните градови.

Истражување на значењето на настанокот на новите урбанистички концепции во периодот на Ренесансата.

Запознавање со дел од најпознатите градови во Антиката. (нпр. Атина, Спарта, Милет, Рим, Александрија, Картагина итн.).

Истражување на организацијата и функционирањето на античките, средновековните, ренесансните, нововековните и современи градови.

Истражување на корените на демократијата и подготовка за живот во демократско општество.

Истражување за изгледот на нововековните градови.

Истражување за основните економски движења, раѓањето на претприемништвото и развитокот на трговијата во периодот на Ренесансата.

Истражување за законитоста на стопанскиот развиток како причина за урбанизацијата во новиот век.

Истражување на најзначајните градови од периодот од Новиот век.

Истражување за организацијата и функционирањето на нововековните градови.

Истражување за животот на луѓето и развитокот на градовите во времето на Новиот век на територијата на Република Македонија, со посебен акцент врз изгледот на градот во кој живеат учениците.

Истражување на изгледот и функционалноста на градовите во Новиот век.

Истражување за општествените причини за раѓањето на нововековната демократија.

Истражување за основните економски движења, раѓањето на претприемништвото и развитокот на трговијата во периодот на Новиот век.

Истражување за животот и обичаите на луѓето на територијата на Република

Македонија во периодот на Новиот век.

Истражување на суштината на економската дејност и економските процеси во Новиот век.

Истражување за процесот на создавање на светската култура.

Истражување за основните економски движења, автоматизацијата и компјутеризацијата на производството и создавањето на светскиот пазар.

Истражување на влијанието на современата демократија врз развитокот на културните вредности во граѓанското општество.

Истражување за основните карактеристики на современите градови.

Истражување за развитокот на современите градови.

Истражување за законитостите на развојот на најпознатите современи урбани центри.

Истражување за карактеристиките на современите урбанистички концепции.

Истражување за карактеристиките на современиот развиток на градовите во РМ и да ги упати да го истражуваат сопствениот град.

Да се запознае со настанокот, развитокот и населеноста на современите градови.

Да се запознае со општествено- економски услови кои го услову-ваат развитокот на современите градови.

Да се запознае со изгледот и со развојот на најпознатите совре-мени урбани центри.

Да се запознае со значењето и карактеристиките на современите урбанистички концепции.

Да се запознае со развитокот на градовите во Република Македонија, со посебен акцент на градот во кој ученикот живее и учи.

## III. АРХИТЕКТУРА И УРБАНИЗАМ

### АРХИТЕКТУРАТА ВО АНТИКАТА

- Основните карактеристики на античката архитектура
- Истакнати градби во античкиот период
- Осмислување на урбаниот простор и урбаната инфраструктура во Антиката
- Археолошките наоѓалишта од античкиот период на територијата на Република Македонија
- Културноисториските споменици од Антиката на територијата на Република Македонија

### АРХИТЕКТУРАТА ВО СРЕДНИОТ ВЕК И ВО РЕНЕСАНСАТА

- Основните карактеристики на Средновековната архитектура
- Основните карактеристики на Ренесансната архитектура
- Истакнати градби во средновековниот и во ренесансниот период
- Осмислување на урбаниот простор и урбаната инфраструктура во периодот на Ренесансата
- Културно-историските споменици од Средниот век на територијата на Република Македонија

### АРХИТЕКТУРАТА ВО НОВИОТ ВЕК

- Основните карактеристики на нововековната архитектура
- Најзначајни архитектонски стилови на нововековната архитектура

- Истакнати градби на нововековната архитектура
- Осмислување на урбанoт простор и урбаната инфраструктура во новиот век
- Културно-историските споменици од Новиот век на територијата на Република Македонија

## СОВРЕМЕНА АРХИТЕКТУРА

- Основните карактеристики на современата архитектура
- Најзначајни современи архитектонски стилови
- Истакнати градби на современата архитектура
- Осмислување на современиот урбан простор и современата градска инфраструктура
- Истакнати градби на современата архитектура во Република Македонија

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ОБЛАСТА

Истражување на основните стилови на градба во историските периоди.

Запознавање со неколку најмаркатни архитектонски објекти во Антиката (нпр. Партенон, Александриската библиотека, Римскиот колосеум, Пантенон итн.).

Истражување на значењето на планската изградба на градот.
Истражување на културното богатство што останало од минатото време на територијата на Република Македонија и да ги осознае културните споменици од минатото на територијата на сопствениот град и неговата околина .

Истражување за дорски, јонски и коринтски стил во античката архитектура.

Истражување на значењето на планската изградба на градот.

Истражување за најзначајните градби на средновековната и на ренесансната архитектура, како Црквата Света Софија во Истамбул, Катедралата Св. Марко во Венеција, Црквата Нотр-Дам во Париз, Катедралата во Фиренца, Катедралата во Пиза, Џамијата во Кордоба.

Истражување за културно-историските споменици од Средниот век на територијата на Република Македонија (преку слика, филм, или теренската активност)

Со помош на слика, текст, слајд, касета, или филм да им претстави на учениците неколку познати архитектонски објекти.

Да го објасни на учениците значењето на инфраструктурата (патишта, водовод, јавни бањи итн).

Истражување на значењето на настанокот на новите урбанистички концепции во периодот на Новиот век.

Истражување на неколку најмаркатни архитектонски стилови од периодот на Новиот век.

Истражување на значењето на планската изградба на градот и новите инфраструктурни зафати во Новиот век.
Да се запознае со нововековното културното богатство на територијата на Република Македонија и да ги запознае културните споменици на територијата на сопствениот град и неговата околина.

Истражување за основните стилови на нововековната архитектура.

Истражување за најзначајните градби на нововековната архитектура (нтр. Ајфелова кула, Париската опера, Црквата на Светото семејство во Барселона, Бруклинскиот мост, Емпајр Стејт Билдинг, Рокфелер Центарот итн.

Истражување за урбаната инфраструктура во Новиот век.

Истражување за карактеристики на современата архитектура.

Истражување на основните стилови на современата архитектура.

Истражување за најмаркатните современи архитектонски градби (нпр: Милениум Дом во Лондон, Сиднејска опера, Зградата на Обединетите нации во Њујорк, Помпиду Центар во Париз, Згради на Светскиот трговски центар кои се урнати во терористичките напади, Пирамидата во Лувр итн.).

Истражување за најистакнатите современи градби во Република Македонија, а особено во градот во кој тие живеат и учат.

Истражување на основните карактеристики на современата архитектура.

Истражување на основните стилови на современата архитектура.

Истражување на најмаркатни современи архитектонски градби.

Истражување на истакнати градби на современата архитектура во Република Македонија, посебно во неговиот град.

Преку слика, филм, или теренското истражување учениците се запознаваат со културно-историските споменици од Новиот век на територијата на Република Македонија.

# IV. РЕЛИГИИ И МИТОЛОГИИ

## АНТИЧКИТЕ РЕЛИГИИ И МИТОЛОГИИ

- Верувања на античките народи
- Старогрчката митологија
- Римската митологија
- Влијанието на античките верувања врз развитокот на уметностите
- Влијанието на античката митологија врз современото творештво

## РЕЛИГИОЗНАТА МИСЛА ВО СРЕДНИОТ ВЕК И ВО РЕНЕСАНСАТА

- Ширење на христијанството
- Генезата на христијанската теолошка доктрина
- Настанување и ширење на исламот
- Теолошката и просветителската мисла на територијата на Република Македонија во Средниот век
- Влијанието на религиските мотиви врз современото творештво

## РЕЛИГИОЗНАТА МИСЛА ВО НОВИОТ ВЕК

- Нововековните теолошки доктрини
- Одредувањето на нововековниот однос на световната и религиската власт
- Нововековни концепции за верска толеранција
- Теолошката и просветителската мисла на територијата на Република Македонија во Новиот век
- Влијанието на нововековните религиски доктрини врз современото творештво

## РЕЛИГИОЗНАТА МИСЛА ВО СОВРЕМЕНИОТ ПЕРИОД

- Современи теолошки доктрини
- Современиот однос помеѓу верските институции и државните световни институции
- Современи концепции за верска толеранција и интерконфесионално почитување
- Современата теолошка мисла во Република Македонија

- Влијанието на современите религиски доктрини врз уметноста

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ОБЛАСТА

Истражување на колоритноста на античката религија.

Истражување на општествената функција на преданијата и митологијата во античкиот период.
Истражување на влијанието на античката митологија врз современото творештво.
Со помош на текст, слика, театарска претстава, или филм на учениците да им ги претстави познатите антички митови.

Да им го објасни на учениците значењето на митологијата за создавање на апстрактното творештво и тоа, до колку е можно, да го поткрепи со текст, слика, или филм.

Да ги запознае учениците со влијанието на античката митологија врз современото творештво.

Запознавање со основните принципи на христијанството.

Експикација на значењето и општествената функција на теолошките доктрини.

Запознавање со основните принципи на исламот.

Истражување на значењето на просветителската мисла на територијата на Република Македонија.
Истражување на влијанието на мотивите од Светите книги врз современото творештво.

Истражување на феноменот на ширењето на христијанството и со неговото општествено значење.

Со помош на текст, документарен, или игран филм, посета на сакрален објект итн. учениците да се запознаваат со основни поставки на христијанството.

Дискусија за појавата и ширењето на исламот и за неговото општествено значење.

Истражување на значењето на религиските мотиви врз современото творештво и по можност тоа да се поткрепи со текст, слика, театарска претстава или филм.

Истражување на влијанието на религиските доктрини врз современото творештво.

Истражување за потребата и постапката на усогласување на теолошката доктрина со нововековната општествена реалност.

Со помош на текст, документарен, или игран филм на ученикот да му се објасни нововековниот однос меѓу сакралната и цивилната власт, како и потреба за воспоставување однос на верската толерантност и почитување на луѓето со различна верска припадност.

Истражување за општествено значење на просветителска мисла на територија на РМакедонија

Истражување на основните принципи на современите теолошки доктрини.

Истражување на концепцијата на одвоеноста на верските институции од државните институции на управата.

Истражување за значењето на современите концепции за верска толеранција и почитувањето на другите религии.

Истражување на основните доктрини на современата теолошка мисла во Република Македонија.

Истражување на влијанијата на современите религиски доктрини врз уметноста.

Да се запознае со основните принципи на современите теолошки доктрини.

Да го разбере значењето на современиот однос помеѓу верските институции и државните световни институции.

Да го запознае значењето на современите концепции за верска толеранција и за интерконфесионално почитување.

Да се запознае со основните доктрини на современата теолошка мисла во Република Македонија.

Да научат да ги препознаваат влијанијата на современите религиски доктрини врз уметноста.

Истражување за значењето на религиските мотиви врз современото творештво.

## V. УМЕТНОСТ

### УМЕТНОСТА ВО АНТИКАТА

- Литература на античките народи
- Градежништво и вајарство во Антиката
- Антички театар
- Мотивите од античката уметност во современото творештво

- Трагите од античкото градежништво и вајарство на на територијата на Република Македонија

## УМЕТНОСТА ВО СРЕДНИОТ ВЕК И ВО РЕНЕСАНСАТА

- Уметноста во средниот век
- Хуманизмот и уметноста на ренесансата
- Највлијателните уметници во Ренесансата
- Мотивите од средновековната уметност во современото творештво
- Влијанието на ренесансната уметност врз современата култура

## УМЕТНОСТА ВО НОВИОТ ВЕК

- Развитокот на уметноста во Новиот век
- Најпознати уметнички правци во Новиот век
- Највлијателните уметници во Новиот век
- Влијанието на нововековната уметност врз формирањето општествените вредности
- Нововековната уметност на територијата на Република Македонија

## УМЕТНОСТА ВО СОВРЕМЕНИОТ ПЕРИОД

- Развитокот на современата уметност
- Современи уметнички правци
- Највлијателните современи уметници
- Современите естетички концепции
- Современата уметност во Република Македонија

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ОБЛАСТА

Истражување на поврзаноста на современата уметност со античката традиција.

Истражување на основните белези на античката литература.

Истражување на основни карактеристики на античката уметност.

Истражување на значењето на античкиот театар.

Да разбере дека современото творешво изобилува со античките мотиви.

Препознавање остатоците од античкото културно богатство на територијата на Република Македонија .

Преку едноставни примери да ги запознае учениците со литература на античките народи.

Со помош на текст, слика, или филм на учениците да им ги презентира античкото градежништво и скулпторство.

Да ги научи учениците да ги препознаат античките мотиви во современото творештво.

Преку теренска настава, слика, филм, или текст на учениците да им го претстави кутурното богатство на територијата на Република Македонија останато од античкото време.

Истражување на основни карактеристики на средновековната уметност.

Да се запознае со развитокот на ренесансната уметност и да ја сфати нејзината хуманистичка компонента.

Запознавање со највлијателните уметници во периодот на Ренесенсата.

Препознавање на средновековните мотиви во современото творештво.

Да се запознае со влијанијата на ренесенсната уметностност врз современото уметничко творештво.

Истражување на основните карактеристики на средновековната уметност (литературата, музиката, ликовните уметности итн.).

Истражување за карактерот на преродбата во ренесансната уметност.

Истражување за најпознатите уметници од Ренесансата, како нпр. Данте, Бокачо, Џото, Леонардо Да Винчи, Микеланџело итн.

Истражување за влијанијата на средновековната и на ренесансната уметност врз современото уметничко творештво и да ги упати учениците да ги препознаваат посочените влијанија.

Истражување за карактеристики на нововековната уметност (литературата, музичката  ликовната, сценската,  филмската уметност итн.).

Истражување на најпознатите правци во нововековната уметност.

Да ги запознае учениците со најпознатите уметници од Новиот век.

Истражување на методологијата за препознавање на естетските вредностите

Истражување за најмаркантните достигања на македонската уметност во Новиот век.

Истражување на основните карактеристики на нововековната уметност.

Истражување на видовите  уметничко творештво и со основните движења на уметностите во Новиот век.

Истражување на највлијателните уметници во периодот на Новиот век.

Истражување на влијанието на културните движења врз создавање на општествено-политич-ките односи и вредностите во општеството.

Истражување на влијанијата на нововековната уметностност врз современото уметничко творештво во Република Македонија.

Истражување за основни карактеристики на современата уметност (литературата, музичката, ликовната, сценската, филмската уметност итн.).

Истражување за современи уметнички правци и творештвото на најмаркантните современи уметници.

Истражување на современите естетички концепции.

Истражување на основните карактеристики на современото уметничко творештво во Република Македонија, како и да ги запознае учениците со уметничките делата на најеминетните современи македонски уметници.

Да се запознае со основни карактеристики на современата уметност.

Да се запознае со развитокот на современи уметнички правци.

Истражување на творештвото на највлијателните современи уметници.

Истражување на современите естетички концепции.

Истражување на современото уметничко творештво во Република Македонија.

## VI. ФИЛОЗОФИЈА И НАУКА

### ФИЛОЗОФИЈАТА И НАУКАТА ВО АНТИКАТА

- **Корените на научната мисла во Антиката**
- **Раѓањето на филозофијата (космолошки период)**
- **Антрополошки период (софистите и Сократ)**
- **Систематски период (Платон и Аристотел)**
- **Филозофијата во хеленистичкиот период**

### ФИЛОЗОФИЈАТА И НАУКАТА ВО СРЕДНИОТ ВЕК И ВО РЕНЕСАНСАТА

- Карактеристиките на филозофската мисла во Средниот век
- Карактеристиките на филозофската мисла во Ренесансата
- Преродбата на науките во Ренесансата

- Влијанието на средновековните филозофски размисли врз современата култура
- Значењето на ренесансниот дух за напредокот на европската култура

## ФИЛОЗОФИЈАТА И НАУКАТА ВО НОВИОТ ВЕК

- Карактеристиките на филозофската мисла во Новиот век
- Највлијателни нововековни филозофи
- Влијанието на нововековната филозофска мисла врз развитокот на науките
- Развитокот на науките во Новиот век
- Влијанието на нововековната наука врз современата култура

## СОВРЕМЕНАТА ФИЛОЗОФИЈА И СОВРЕМЕНАТА НАУКАТА

- Карактеристиките на современата филозофската мисла
- Највлијателни современи филозофи
- Развитокот и општественото влијание на современата наука
- Развитокот на кибернетиката и компјутерите
- Влијанието на современата наука врз современата култура

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ОБЛАСТА

Истражување на корените на развитокот на научната и филозофската мисла во Европа.

Истражување на првичните обиди за научно објаснување на потеклото на светот.

Да ја сфати суштината на античката размисла за човековото битисување.

Истражување на обидите на Платон и на Аристотел за систематизација на човековите знаења.
Истражување на основните принципи на филозофиите на стоицизмот, кинизмот и хедонизмот.

Истражување за основните принципи на научното мислење.

Истражување на значењето на првичните обиди за научно објаснување на потеклото на светот.

Истражување на софистите и Сократ за развиток на антрополшката мисла

Истражување за влијанието на филозофските системи на Платон и Аристотел врз натамошниот развиток на филозофијата.

Истражување на насоченоста на филозофската мисла во Средниот век.

Истражување на насоченоста на филозофската мисла во Ренесансата.

Истражување на обидите на големите умови да ја фундираат научната мисла во Ренесансата

Истражување на влијанието на средновековната филозофска мисла врз современата наука и уметноста.
Истражување на улогата на ренесансната филозофија за создавање на современо демократско општество.

Истражување за карактеристики на средновековната филозофија и да ја спореди со античката филозофија.

Истражување за карактеристиките на ренесансната филозофија и да ја спореди со античката и средновековната филозофија.

Истражување за значењето на преродба на науките.

Истражување за влијание и значење на средновековната и ренесансната мисла врз настанокот и развитокот на современата култура.

Истражување за значењето на развиотокот на науките во Новиот век.

Истражување за влијание и значење на нововековната филозофија врз развитокот на современата култура.

Истражување на современата филозофската мисла.

Истражување за творештвото и со влијанието на современите филозофи како нпр. Бертранд Расел, Истражување на Жан-Пол Сартр, Албер Ками, Жак Дерида, Карл Попер итн.

Истражување за развитокот на современата наука. како и нејзиното општествено влијание

Истражување на значењето на развитокот на кибернетиката и компјутерите.

Истражување на влијанието на современата наука врз современата култура

Истражување на карактеристиките на современата филозофската мисла.

Да се запознае со размислите на највлијателните современи филозофи.

Истражување на со развитокот и со општественото влијание на современата наука.

Истражување на развитокот на кибернетиката и компјутерите

Истражување на значењето на влијанието на современата наука врз современата култура.

## VII. ЖИВОТОТ И ОБИЧАИТЕ

### ЖИВОТОТ И ОБИЧАИТЕ ВО АНТИКАТА

- Семејството во Антиката
- Воспитувањето во Антиката
- Празнувањата во Антиката
- Олимписки игри
- Стопанството и трговијата во Антиката

### ЖИВОТОТ И ОБИЧАИТЕ ВО СРЕДНИОТ ВЕК И ВО РЕНЕСАНСАТА

- Општествената организација во Средниот век
- Ритерски свечености
- Влијанието на ренесансниот дух врз промената на животот и обичаите на луѓето
- Раѓање на претприемачкиот дух на Ренесансата
- Живитот и обичаите на луѓето на на територијата на Република Македонија во периодот на Средниот век

### ЖИВОТОТ И ОБИЧАИТЕ ВО НОВИОТ ВЕК

- Општествената организација во Новиот век
- Начините на чествувањето во Новиот век
- Влијанието на нововековниот дух врз промената на животот и обичаите на луѓето
- Развитокот на стопанството и индустријализацијата во новиот век
- Живитот и обичаите на луѓето на територијата на Република Македонија во периодот на Новиот век

### ЖИВОТОТ И ОБИЧАИТЕ ВО СОВРЕМЕНИОТ ПЕРИОД

- Современа општествената организација
- Чествување и свеченостите во современиот свет
- Современата култура, образование, животот и обичаите на луѓето
- Современи економски движења

- Животот и обичаите на луѓето во Република Македонија

## КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ОБЛАСТА

Истражување на животот и со обичаите на луѓето во античкото, средновековното и нововековното време на територијата на Република Македонија..

Истражување на организација на општеството во Средниот век и да го спореди со современото општество.

Истражување на обичаите и свеченостите во Средниот век.

Истражување на промените на начинот на мислење и однесување на луѓето во времето на Ренесансата.

Истражување на суштината на економската дејност и економските процеси во Ренесансата.
Истражување на етнолошките белези од периодот на Средниот век на територијата на Република Македонија

Истражување за општествената организација во Средниот век.

Истражување за општественото значење на ритерските свечености.

Истражување за животот и за обичаите на луѓето на територијата на Република Македонија во периодот на Средниот век

Поврзување животот и со обичаите на луѓето и со развитокот на градовите во Новиот век на територијата на Република Македонија.

Истражување за општественото значење на празнувањето во Новиот век.

Да се запознае со етнолошките белези на луѓето од периодот на Новиот век на територијата на Република Македонија.

Истражување на организација на современото општество и да го спореди со поранешните општества.

Истражување на обичаите и свеченостите во современото општество.

Истражување на културните потреби и организација на животот на современиот човек.

Истражување на суштината на економската дејност и економските процеси денес.

Да ги утврди основните карактеристики на животот на луѓето во Република Македонија.

Истражување за општествената организација на современото општество.

Истражување за општественото значење на чествувањето во современото општество.

Истражување за животот и обичаите на луѓето во Република Македонија.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈАНА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

### 5.1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО

Активностите се практикуваат во рамките на 35 часови годишно. Од вкупно 35 часа, петнаесет часови се реализираат во училиштето а 20 часови се предвидени за теренска активност и за самостојна индивидуална работа на ученикот во домашни услови, или во библиотеки.

### 5.2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИТЕ ГРУПИ

Наставникот, (ментор) заедно со своите ученици (млади истражувачи) креира и реализира проекти. Проектите се реализираат во форма на работилниците кои можат да се кабинетски (во училиштето) и теренски (како посети на културно-историски споменици, музеи, кина, театри, библиотеки, архиви, образовни институции, канцеларии на локалната самоуправа и др.). Во насоки за програмирање на проектните активности се даваат 7 тематски области, а секоја тема содржи предлози од по 20 подтематски области од кои наставникот, во соработка со учениците, креира теми за истражување. Наставникот, во соработка со учениците и со колегите од активот одбира теми и работилници, го утврдува нивниот редослед и времетраење и ги реализира како мали проекти. Наставникот по Урбана култура може и сам да имплементира активности кои соодветствуваат на потребите и интересот на неговите ученици. Ваквиот начин на поделба на наставните содржини овозможува, попрецизна ориентација при структуирањето на наставната тема, а истовремено дава богат избор за приспособување на наставните содржини кон интересирањата, желбите и потребите на учениците.

### 5.3. УЛОГАТА НА НАСТАВНИКОТ

Наставникот е ментор кој соработува со учениците при реализција на проектите. Во текот на учебната година наставникот треба да ги обучи учениците да прават проекти. Притоа се користи монолог, дијалог текст, демонстрација, визуализација во музеи, на изложби, на екскурзија, на излет итн. При практикување на активности по урбана култура, доколку е можно, треба да се користи и информациона технологија. Компјутерот е едно од најекспанзивните наставни средства - наставното средство на иднината. Со него наставата може да се организира според различни

принципи. Работата со компјутерот бара постојана активност на ученикот и му овозможува континуирана повратна информација, која има насочувачка функција. Наставникот во својата работа може да подготви програмирани секвенци. За тоа неопходно е да дефинира оперативни воспитно-образовни цели, да изврши анализа на наставните содржини, да ги расчлени на мали единици, потоа, според поставените цели, да формулира прашања, можни одговори и дополнителните информации.

Менторот (наставникот) има увид во работата на секој ученик. Тој го следи неговото залагање во текот на индивидуалната работа во училиштето и дома, ја следи неговата работа во група и пленарно. Се цени редовноста, залагањето, инвентивноста и придонесот кон квалитетната изработка на проектот. Секој ученик пополнува портфолио, како и работни листови, или води дневник за индивидуалните и групните активности, како и за текот, постапките и резултатите на истражувањето. Менторот има увид, ги прегледува портфолијата, дневниците и работните листови и води евиденција за секој ученик посебно, како и за активностите на паралелката (истражувачката група) во целина. На крајот на годината менторот му ги доставува податоците на класниот раководител и во сведителството се запишува дека ученикот ја реализирал програмата по урбана култура. Ученикот не може да ја заврши годината доколку не реализира соодветен број часови по проектни активности.

## 5.4. АКТИВНОСТА НА УЧЕНИКОТ

Во текот на практикување на активностите по урбана култура, учениците индивидуално, групно и фронтално пополнуваат работните листови и така ги изразуваат своите импресии и сознанија, даваат предлози за унапредување на урбаното живеење и се учат на практикување на граѓанската демократија.

Во рамките на активностите по урбана култура учениците заедно со наставникот ги посетуваат изложби, музеи, театарски и филмски претстави, културно-уметнички споменици, археолошки локалитети, верски објекти и сл. што за нив е вистинско доживување, а истовремено и моќно средство за непосредно запознавање со просторното, историското и културолошкото милје. Оваа активност ја актуализира и наставниот материјал по другите предмети. Ваквите внимателно се подготвуват и по нивното одржување задолжително да се дискутира.

## 5.5. СОРАБОТКА

Учениците и наставниците што ги практикуваат проектните активности по урбаната култура во реализација на проектите можат да соработуваат со други проектните активности како што се: култура за заштита, мир и толеранција, ликовно-творечки проектни активности, граѓанска култура, литературни клубови и драмски секции и други.

Проектните активности по урбана култура се поврзуваат со културните институции и локалната самоуправа и прават заеднички проекти.

## 6. ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВНИОТ

Наставникот, менторот по урбана култура зависно ид својата примарна вокација (то ест дали има завршено студии по: филозофија, социологија, историја, ликовна и музичка уметност, мир и одбрана, географија) со своите ученици а во рамките на насоките, дава генерални насоки за одбирање на содржината на проектни активности. Потоа врши глобално тематско и оперативно планирање. Наставникот е должен да испланира простор на кој ќе се одвиваат проектните активности, динамика на набавување на материјалите за работа, тој планира работа на одделни групи како и пленарни средби. Наставникот планира и изложби и поврзување на училиштето со институциите од областа на културата и со локалната самоуправа. Наставникот планира и корелеција и соработка со другите проектни активности во училиштето како и поврзување на групите што ја практикуваат проектната активност по урбана култура во различни училишта

## 7. СОСТАВ НА РАБОТНА ГРУПА:

1. Доц. д-р Олга Пешевска-Заревска, наставник по Методика на наставата по филозофија при Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје; претседател на Едукативно-истражувачкиот центар за урбана култура
2. Проф. д-р Благородна Лакинска, наставник по Дидактика на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје; потпретседател на Едукативно-истражувачкиот центар за урбана култура
3. Софка Коцева, Советник во Бирото за развој на образованието - Скопје